Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) и член 18 став (1) од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19, 103/19 и 161/20), а во согласност со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија и за пазар на електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19 и 103/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 јули 2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на регулиран максимален приход, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2020 година, се одобрува да изнесува 1.329.757.256 денари.

2. Регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија за периодот од точка 1 на оваа одлука, се утврдува да изнесува 0,1952 ден/kWh за планирана испорака од 6.810.747.315 kWh електрична енергија на излез од преносната мрежа.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) утврден со точка 1 од оваа одлука, тарифите за пресметковните елементи врз основа на кои АД МЕПСО Скопје, како вршител на енергетската дејност пренос на електрична енергија, го фактурира надоместокот за користење на електропреносниот систем, изнесуваат:

| **Тарифи за пресметковни елементи** | | |
|---|---|---|
| **Врвна активна моќност (ден/kW)** | **активна ел.енергија (ден/kWh)** | **реактивна ел.енергија (ден/kvarh)** |
| 9,5589 | 0,1757 | 0,0703 |

4. Тарифите за пресметковните елементи од точка 3 на оваа одлука се применуваат во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 30 јуни 2021 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 август 2020 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост - Скопје, со седиште на ул. Максим Горки, бр.4 Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), согласно Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Правилник), на 29 мај 2020 година поднесе до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) Барање за одобрување на регулиран максимален приход и просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје за регулираниот период 2020 година, УП1 бр. 08-84/20 од 29 мај 2020 година (во понатамошниот текст: Барање). Кон барањето ја достави и потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика на 17 јуни 2020 година објави известување во врска со Барањето на АД МЕПСО Скопје на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и во дневните весници „Слободен Печат” и „Коха”.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 29 јули 2020 година на својата веб страница ја објави предлог одлуката со образложение и ги повика сите заинтересирани страни да достават свои сугестии, забелешки и предлози.

По објавената предлог одлука, до Регулаторната комисија за енергетика од страна на АД МЕПСО Скопје беа доставени забелешки на Предлог – Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје бр. 12-1682/1 од 31.07.2020 година и истите не се земени во предвид при донесување на Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје.

Согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика бр.01-898 од 30 март 2020 година, ако за одлучување по прашањата од став (3) точки 4), 5) и 6) од член 5 Регулаторната комисија за енергетика утврди дека нема потреба од одржување на подготвителна седница, ќе донесе решение актот за кој се одлучува да се донесе на седница без одржување на подготвителна седница.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр. 02-1668/1 од 31 јули 2020 година, одлучи да се одржи седница за донесување на ова решение, без одржување на подготвителна седница.

## Податоци од Барањето

АД МЕПСО во Барањето ги има презентирано следните податоци, кои што се релевантни при определувањето на регулираниот максимален приход и цена, согласно Правилникот:

***Количини на електрична енергија***

| Р.бр | ОПИС И ОЗНАКА | 2020 |
|---|---|---|
| 1 | Количина на електрична енергија на влез во преносна мрежа, вклучувајќи и транзит на електрична енергија (kWh) | **7.494.182.258** |
| 2 | Количина на електрична енергија на излез од преносна мрежа (kWh) | **6.776.863.000** |

***Трошоци за набавка на електрична енергија за покривање на одобрени загуби***

Трошоците за набавка на 120.081.000 kWh електрична енергија за покривање на одобрени загуби на електрична енергија во преносната мрежа за 2020 година е предвидено да изнесуваат 442.188.260 денари.

***Пренесени трошоци (SPT)***

Пренесените трошоци (SPT), наведени во Барањето за 2020 година се презентирани во следнава табела:

| Р.бр | ОПИС И ОЗНАКА | 2020 |
|---|---|---|
| 1 | Регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси, даноци на имот, како и други економски оправдани трошоци одобрени од Регулаторната комисија за енергетика ( TF ) | 48.186.759 |
| 2 (2.1 + 2.2) | Трошок за набавка на системски услуги за балансирање на електроенергетскиот систем, согласно Правилата за балансирање, вклучувајќи го и трошокот за одложена терциерна резерва одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (AS) | 1.040.560.790 |
| 2.1 | трошок за набавка сиситемски услуги - Балансен капацитет | 853.789.615 |
| 2.2 | трошок за обезбедување на резервна моќност- ТЕЦ Неготино | 186.771.175 |
| 3 | Трошоци направени во рамки на процесот на компензација меѓу оператори на преносен систем ( ITC ) | 15.375.000 |
| 4 | Приходи направени во рамки на процесот на компензација меѓу оператори на преносен систем (RITC ) | 30.750.000 |
| 5 | Приход што операторот на електропреносниот систем го добил од распределба на интерконекцискиот капацитет ( RAI ) | 716.115.533 |
| 6 | Надоместоци за приклучување кои имаат за цел да го повратат трошокот за одржување и управување со средствата за приклучување (RCO) | |
| 7 | **ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ТРОШОЦИ (SPT = TF + AS + ITC - RITC - RAI - RCO)** | **357.257.016** |

***Регулиран максимален приход и цена***

Според податоците од Барањето, АД МЕПСО Скопје за 2020 година бара да се одобри регулиран максимален приход од 2.052.498.050 денари и цена за пренос на електрична енергија од 0,3029 ден/kWh.

## Анализа од Регулаторната комисија за енергетика

Регулаторната комисија за енергетика отпочна анализа по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и цена на услугата за пренос на електрична енергија за 2020 година.

Согласно Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика го определува регулираниот максимален приход и регулирана просечна тарифа за пренос на електрична енергија за третата година (2020) од регулираниот период (01.01.2018 – 31.12.2020), во кои се вклучени сите трошоци, амортизацијата на средствата и соодветниот поврат на капиталот на операторот на електропреносниот систем.

Регулаторната комисија за енергетика со Одлуката УП 1 бр. 08-40/18 од 29.06.2018 година го определи и регулираниот основен приход за 2020 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија, во вредност од 1.497.935.627 денари.

***Трошоци за набавка на електрична енергија за покривање на одобрени загуби***

Трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на одобрени загуби во 2020 година, се преземени од Барањето и се презентирани во следната табела:

| Р.бр | ОПИС | 2020 |
|---|---|---|
| 1 | Одобрен процент на загуби (alr/100) | 1,60% |
| 2 | Набавена количина не електрична енергија за покривање на загуби на електрична енергија во преносната мрежа, (kWh) | 120.081.000 |
| 3 | Набавна цена, LP (ден/kWh) | 3,6824 |
| 4 | Трошоци за одобрени загуби, L (денари) | **442.099.144** |

***Пренесени трошоци (SPT)***

Пренесените трошоци за 2020 година се пресметани во согласност со Правилникот.

Трошоците за регулаторен надомест, надомест за концесија, еколошки такси и данок на имот како и други економски оправдани трошоци кои не зависат од резултатот на работењето, Регулаторната комисија за енергетика за 2020 година, ги определи врз основа на доставените податоци во Барањето.

Трошокот за набавка на системски услуги за 2020 година изнесува 1.040.560.790 денари и истиот се состои од трошок за:

– набавка на системски услуги од АД ЕСМ во износ од 853.789.615 денари согласно тендерската постапка за набавка на системски услуги и баланасна енергија,
– одложена терциерна резерва од АД ТЕЦ Неготино во износ од 186.771.175 согласно податоците доставени во Барањето.

Врз основа на претходно наведеното, пренесените трошоци (SPT) за 2020 година се презентирани во следната табела:

| Р.бр | ОПИС | 2020 |
|---|---|---|
| 1 | регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси и даноци на имот TFt, (денари) | 43.265.612 |
| 2 | трошок за набавка на системски услуги AS, (денари) | 1.040.560.790 |
| 3 | сите плаќања направени во рамките на процесот за компензација меѓу оператори на преносни системи, ITC (денари) | 15.375.000 |
| 4 | сите приходи добиени според процесот за компензација меѓу оператори на преносни системи, RITC (денари) | 30.750.000 |
| 5 | приходи од распределба на интерконекциски капацитети, RAI (денари) | 850.000.000 |
| 6 | сите надомести за приклуч. кои имаат за цел да го повратат трошокот за одрж. и управ. со средствата за приклуч. и сите други прих. од други извори кои не произлегуваат од користењето на дистр. Мрежа, RCOt (денари) | 0 |
| **7** | **Пренесени трошоци, SPTt (денари)** | 218.451.402 |

***Фактор на корекција (К)***

Факторот на корекција за дејноста пренос на електрична енергија за 2020 година изнесува 274.735.008 денари и истиот изнесува 42% од реално утврдениот кој изнесува 654.130.972 денари. Преостанатиот дел во износ од 392.478.583 денари, Регулаторната комисија за енергетика ќе го има предвид при носењето на одлуките за наредните години. При пресметката на факторот на корекција, Регулаторната комисија за енергетика ги зема предвид и 538.993.908 денари како преостанат дел од факторот на корекција кој што се однесуваше за 2019 година. Регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2019 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани, ($MARK_{2019}$) изнесува 1.010.061.618 денари. Во $MARK_{2019}$, пренесените трошоци (SPT) за 2019 година се презентирани во следната табела:

| Р.бр | ОПИС | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси и даноци на имот TFt, (денари) | 39.794.118 |
| 2 | трошок за набавка на системски услуги AS, (денари) | 1.031.446.864 |
| 2.1 | трошок за набавка на системски услуги AS од АД ЕСМ, (денари) | 938.061.276 |
| 2.2 | трошок за набавка на хавариска енергија, (денари) | 0 |
| 2.3 | трошок за одложена терциерна резерва од АД ТЕЦ Неготино (денари) | 93.385.588 |
| 3 | сите плаќања направени во рамките на процесот за компензација меѓу оператори на преносни системи, ITC (денари) | 19.187.961 |
| 4 | сите приходи добиени според процесот за компензација меѓу оператори на преносни системи, RITC (денари) | 78.008.861 |
| 5 | приходи од распределба на интерконекциски капацитети, RAI (денари) | 1.316.615.482 |
| 6 | сите надомести за приклуч. кои имаат за цел да го повратат трошокот за одрж. и управ. со средствата за приклуч. и сите други прих. од други извори кои не произлегуваат од користењето на дистр. Мрежа, RCOt (денари) | 0 |
| **7** | **Пренесени трошоци, SPTt (денари)** | **-304.195.400** |

Остварениот приход за 2019 година ($R_{2019}$) изнесува 1.656.819.549 денари, согласно доставените податоци од Бруто билансот на претпријатието за 2019 година, при што се изземени приходите добиени според процесот за компензација меѓу оператори на преносни системи, како и приходи од распределба на интерконекциски капацитети, кои што се веќе вкалкулирани во пресметката на $MARK_{2019}$. Просечната пасивна каматна стапка објавена од Народна банка на Република Северна Македонија, изнесува 1,14% за 2019 година.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулирана енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2019 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2019}$), е презентирана во следнава табела:

| Р.бр. | ОПИС | MARK2019 | Одобрено со Одлука 08-45/19 од 29.06.2019 |
|---|---|---|---|
| 1 | основен приход во 2019 година, BR2019 (денари) | 1.420.455.186 | 1.420.455.186 |
| 2 | трошоци за загуби на е.е во 2019 година, L2019 (денари) | 475.245.484 | 501.334.330 |
| 3 | набавена количина на електрична за покривање на загуби на електрична енергија во преносната мрежа, (kWh) | 120.999.000 | 127.490.676 |
| 4 | процент на признати загуби во 2019 година | 1,79% | 1,79% |
| 5 | набавна цена на загуби во 2019 (ден/kWh) | 3,9277 | 3,9323 |
| 6 | пренесени трошоци во 2019 година, SPT2019 (денари) | -304.195.400 | -143.181.135 |
| 7 | фактор на корекција (денари) | 581.443.652 | 581.443.652 |
| **8** | **регулиран максимален приход за 2019 година повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани, со вклучен фактор на корекција (денари)** | **1.010.061.618** | **1.197.164.728** |
| **9** | **вкупно испорачана количина во 2019 година (kWh)** | **6.776.128.876** | **6.813.925.374** |

Регулаторната комисија за енергетика утврди количините на електрична енергија на излез од преносната мрежа за 2020 година да изнесуваат 6.810.747.315 kWh, при што не се земени во предвид количините за рудниците во Битола и Осломеј.

Вкупниот регулиран максимален приход на АД МЕПСО Скопје за надоместување на претходно наведените трошоци, за 2020 година се утврдува да изнесува 1.329.757.256 денари.

Просечната тарифа за пренос на електрична енергија за 2020 година утврдена со оваа Одлука (0,1952 ден/kWh) е зголемена за 11,13% во однос на претходната (0,1757 ден/kWh).

Врз основа на податоците од доставеното Барање, како и податоците кои и стојат на располагање на Регулаторната комисија за енергетика, а имајќи го предвид Тарифниот систем за пренос и за пазар на електрична енергија, како и оваа Одлука, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следново:

Распределбата на регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2020 година што зависи од врвната активна моќност, односно активна електрична енергија, распределбата на испорачаните количини на активна електрична енергија и врвна активна моќност за 2020 година, врз основа на што се утврдени тарифите за пресметковни елементи, е презентирана во следнава табела:

| Приход (денари) | | | количини | |
|---|---|---|---|---|
| врвна активна моќност | активна ел.енерг | вкупно | моќност (kW) | активна ел.енерг (kWh) |
| **1** | **2** | **3=1+2** | **4** | **5** |
| 132.975.726 | 1.196.781.530 | 1.329.757.256 | 13.911.150 | 6.810.747.315 |

| тарифи за пресметковни елементи | | | |
|---|---|---|---|
| прос.цена (ден/kWh) | моќност (ден/kW) | активна ел.енерг (ден/kWh) | прек. превз. реактивна ел.енерг (ден/kWh) |
| **6=3/5** | **7=1/4** | **8=2/5** | **9=8*0,4** |
| 0,1952 | 9,5589 | 0,1757 | 0,0703 |

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 бр. 08-84/20**
**31 јули 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**